# СЛУЖ
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА Ф

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски, словеначки и македонски јазик. — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 8 јули 1964
БЕЛГРАД
БРОЈ 28 ГОД. XX

Цена на овој број е 45.— дин. — Претплата за 1964 година изнесува 2.500.— дин., а за странство 3.500 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1 Пошт. фах 226 — Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продажна служба 51-671.


**378.**

Врз основа на членот 3 став 5 од Законот за заемот за инвестиции во стопанството за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ОБВРСКА ДА ЗАПИШАТ ЗАЕМ ЗА ИНВЕСТИЦИИ ВО СТОПАНСТВОТО ЗА 1964 ГОДИНА

1. Стопанските организации се ослободуваат од обврската за запишување заем предвидена со членот 3 став 1 на Законот за заемот за инвестиции во стопанството за 1964 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р. п. бр. 94
2 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

**379.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ЖЕЛЕЗНИЦИ И НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА НА РЕЧНИОТ СООБРАЌАЈ ЗА ПРЕВОЗ НА ЛИГНИТ

1. Одлуката за давање регрес на Југословенските железници и на претпријатијата на речниот сообраќај за превоз на лигнит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/61) и Наредбата за примена на Одлуката за давање регрес на Југословенските железници и на претпријатијата на речниот сообраќај за превоз на лигнит („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/61) престануваат да важат.

2. За количините на лигнит превезени до 30 септември 1964 година на Заедницата на Југословенските железници и на претпријатијата на речниот сообраќај ќе им се исплати регрес според прописите од точката 1 на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила на 1 октомври 1964 година.

Р. п. бр. 93
2 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

**380.**

Врз основа на членот 7 став 1 од Законот за Сојузниот буџет за 1964 година („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), Сојузниот извршен совет донесува

### ОДЛУКА
### ЗА ИЗМЕНА НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ РЕГРЕС ЗА ПРОДАДЕНИТЕ И ИСПОРАЧАНИ КОЛИЧИНИ НА ОГРЕВНИ МАТЕРИЈАЛИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ШИРОКАТА ПОТРОШУВАЧКА

1. Во Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63 и 44/63) во точката 1 став 1 во одредбата под 1 процентот: „22,5%" се заменува со процентот: „15%", а во одредбата под 2 процентот: „17,5%" се заменува со процентот: „10%".

2. Оваа одлука влегува во сила на 1 октомври 1964 година.

Р. п. бр. 95
2 јули 1964 година
Белград

**Сојузен извршен совет**

Претседател,
**Петар Стамболиќ,** с. р.

**381.**

Врз основа на точката 5 од Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови што се продадени во 1964 година поради повлекување од експлоатација заради касирање („Службен лист на СФРЈ", бр. 26/64), во согласност со сојузниот секретар за финансии, сојузниот секретар за сообраќај и врски издава

### НАРЕДБА
### ЗА ПОБЛИСКИТЕ УСЛОВИ И НАЧИНОТ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА РЕГРЕСОТ ЗА РАСХОДУВАНИ БРОДОВИ ПРОДАДЕНИ ВО 1964 ГОДИНА

1. Поморските бродарски претпријатија (во понатамошниот текст: корисниците на регресот) го остваруваат регресот од точката 3 на Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови што се продадени во 1964 година поради повлекување од експлоатација заради касирање (во понатамошниот текст: Одлуката) со поднесување барање за регрес до филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство кај која имаат жиро-сметка.

2. Кон барањето за регрес корисниците на регресот прилагаат:

1) одобрение од Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски од точката 2 на Одлуката;

2) доказ дека е расходуван бродот. Како доказ за тоа служи одлуката на работничкиот совет на корисникот на регресот;

3) доказ за бруто регистарската тонажа на бродот, како и за тоа дека расходуваниот брод е внесен во основни средства до 30 јуни 1962 година и дека до тој ден е запишан во уписникот на бродовите од соодветна категорија на пловидба. Како доказ служи изводот од уписникот на бродовите, заверен од надлежната лучка капетанија;

4) договор односно заверен препис од договор за продажба на бродот, кој, покрај другото, содржи и: назив и седиште на содоговорачот, назив на бродот, бруто регистарска тонажа на бродот, клаузула дека продажбата на бродот се врши заради касирање и продажна цена на бродот;

5) потврда од купувачот дека го презел бродот заради касирање;

6) потврда од корисникот на регресот, потпишана од раководителот на стопанско-сметковниот сектор, дека е бродот амортизиран, односно ако бродот не е амортизиран дека во деловниот фонд е уплатен неамортизираниот дел на бродот односно дека неамортизираниот дел на бродот ќе се уплати до рокот определен за донесување на завршната сметка на корисникот на регресот;

7) пресметка на регресот за еден бруто регистарски тон и вкупно.

3. Ако корисниците на регресот ги касираат бродовите во сопствена режија, тие кон барањето за регрес наместо договорот од точката 2 под 4 на оваа наредба прилагаат потврда од сопствениот погон што го врши касирањето дека е бродот за кој се бара регрес преземен заради касирање.

4. Кога Службата на општественото книговодство ќе утврди дека е барањето за регрес во поглед на пресметувањето и поднесената документација исправно, таа го одобрува износот на регресот во корист на сметката 700 — Амортизација на стопанските организации за односниот корисник на регресот, а на товар на сметката број 630-44 — Регрес за касирани бродови.

5. Службата на општественото книговодство може да врши исплати на регресот од точката 3 на Одлуката на товар на сметката од точката 4 на оваа наредба само до износот предвиден во сојузниот буџет за 1964 година — за регрес во областа на сообраќајот.

6. Ако кон барањето за регрес се прилагаат преписи на оригинални документи (договор, потврда и сл.), преписите мораат да бидат потпишани од овластените лица и на нив мора да има втиснат печат на корисникот на регресот, а оригиналните документи се поднесуваат на увид.

Службата на општественото книговодство е должна на секој оригинален документ од ставот 1 на оваа точка кој се поднесува на увид да назначи дека е исплатен регресот.

7. Корисниците на регресот се должни во своето книговодство да водат уредна и ажурна евиденција за расходуваните бродови, продадени заради касирање и за остварениот регрес, во која посебно за секој брод ги внесуваат следните податоци: назив на бродот, бруто регистарска тонажа на бродот, датум на внесувањето на бродот во основни средства, датум на расходувањето и на продажбата на бродот заради касирање, број и датум на расходувањето и на продажбата на бродот заради касирање, број и датум на одобрението на Сојузниот секретаријат за сообраќај и врски од точката 2 на Одлуката, број и датум на договорот за продажба на бродот заради касирање, назив на купувачот и износ на наплатениот регрес.

8. Оваа наредба влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 41-44/64-6
27 јуни 1964 година
Белград

Сојузен секретар
за сообраќај и врски,
**Марин Цетиниќ**, с. р.

## 382.

Врз основа на точката 2 од Одлуката за определување на највисоките продажни цени за сурова нафта („Службен лист на СФРЈ", бр. 52/63), директорот на Сојузниот завод за цени издава

## НАРЕДБА
### ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ПАРИТЕТНИТЕ ПРОДАЖНИ ЦЕНИ ЗА УВЕЗЕНА НАФТА

1. Паритетните продажни цени за увезена нафта се определуваат и изнесуваат за:

| | Дин./тон |
|---|---|
| 1) сурова нафта „Урал", API° 32,8 | 12.900 |
| 2) сурова нафта „Ирак", API° 35,6 | 14.100 |
| 3) сурова нафта „Belayim" — Египет, API° 22,0 — — — — — — — | 9.100 |
| 4) бугарска сурова нафта — лесна API° 41,4 — — — — — — — | 16.300 |
| 5) бугарска сурова нафта — тешка, API° 19 — — — — — — — | 14.500 |

Цените од ставот 1 на оваа точка важат франко југословенската граница.

2. Цените од точката 1 на оваа наредба ќе служат како основица за пресметување на царински контигент нафта, со тоа што пресметување по овие цени да може да се врши и за веќе увезените а непресметани количини нафта.

3. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 12-322/1
26 јуни 1964 година
Белград

Директор
на Сојузниот завод за цени,
**Душан Вуковиќ**, с. р.

## 383.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ТЕКСТИЛНАТА ИНДУСТРИЈА

1. Во изданиe на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

| | |
|---|---|
| Земање мостри за испитување на текстилот. Општи услови — — — | JUS F.S9.010 |
| Мароко, тепих рачно изработен — | JUS F.C2.112 |
| Сава, тепих рачно изработен — — | JUS F.C2.113 |

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 октомври 1964 година.

Бр. 10-4626
27 јуни 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
**инж. Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**384.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИОТ СТАНДАРД ЗА АМБАЛАЖА ОД ДРВО

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесува следниот југословенски стандард:

Амбалажа од дрво. Сандак за бруќе JUS D.F1.335

2. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е објавен во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение е задолжителен и влегува во сила на 1 септември 1964 година.

Бр. 06-4541
27 јуни 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

**385.**

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ФАЗОНСКИ ПАРЧИЊА ОД ЛЕАНО ЖЕЛЕЗО ЗА АЗБЕСТЦЕМЕНТНИ ВОДОВИ ПОД ПРИТИСОК

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Фазонски парчиња од леано железо за азбестцементни водови под притисок:

Технички услови за изработка и испорака — — — — — — — — JUS C.J1.121
Спојници со рамен крај. Форма и мерки — — — — — — — — JUS C.J1.140
Спојници со прирабница и рамен крај. Форма и мерки — — — JUS C.J1.141
Редукции со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.150
Редукции со прирабница на помал профил и со рамен крај. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.151
Редукции со прирабница на поголем профил и со рамен крај. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.152
Лакови 1/4 со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.160
Лакови 1/8 со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.161
Лакови 1/16 со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.162
Лакови 1/32 со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.163
Лакови 1/4 со прирабница и рамен крај. Форма и мерки — — — JUS C.J1.164
Лакови 1/8 со прирабница и рамен крај. Форма и мерки — — — — JUS C.J1.165
Лакови 1/16 со прирабница и рамен крај. Форма и мерки — — — — JUS C.J1.166
Лакови 1/32 со прирабница и рамен крај. Форма и мерки — — — — JUS C.J1.167
Огранки со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.170
Огранки со една прирабница. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.171
Огранки со две прирабници. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.172
Крстови со рамни краишта. Форма и мерки — — — — — — — JUS C.J1.180

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 декември 1964 година.

Бр. 04-4542
27 јуни 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ** с. р.

**386.**

Врз основа на членот 4 став 1, членот 25 став 4 и членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), директорот на Југословенскиот завод за стандардизација донесува

## РЕШЕНИЕ
### ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЛИЧНИ ЗАШТИТНИ СРЕДСТВА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Хигиенско-техничка заштита при работата. Максимално допуштени концентрации на штетни материи во атмосферата на работните простории и работилиштата — — — — JUS Z.B0.001
Лични заштитни средства. Респиратор за заштита од неагресивен и неотровен прав — — — — — — — JUS Z.B1.006
Кожа за изработка на лични заштитни средства.
Технички услови — — — — — JUS Z.B1.040

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 октомври 1964 година.

4. Престануваат да важат југословенските стандарди:

Хигиенско-техничка заштита при работа. Максимални допуштени концентрации на штетни материи во атмосферата на работните простории и работилиштата — — — JUS Z.B0.001

донесен со Решението за југословенскиот стандард од областа на хигиенско-техничката заштита при работа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/57)

Лични заштитни средства — Кожа за изработка на заштитни ракавици и на слични производи — — — JUS G.B1.040

донесен со Решението за југословенските стандарди за заштитни ракавици („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/50) и

Лични заштитни средства. Кожа за изработка на заштитни скутници и слични производи — — — — JUS G.B1.045

донесен со Решението за југословенските стандарди за средствата за заштита на телото, нозете и рацете („Службен лист на ФНРЈ", бр. 21/57).

5. Југословенските стандарди од точката 4 на ова решение престануваат да важат на 1 октомври 1964 година.

Бр. 10-4543
27 јуни 1964 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ,** с. р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови што се продадени во 1964 година поради повлекување од експлоатација заради касирање, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/64, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

## ИСПРАВКА
### НА ОДЛУКАТА ЗА ОДОБРУВАЊЕ РЕГРЕС ЗА РАСХОДУВАНИТЕ БРОДОВИ ШТО СЕ ПРОДАДЕНИ ВО 1964 ГОДИНА ПОРАДИ ПОВЛЕКУВАЊЕ ОД ЕКСПЛОАТАЦИЈА ЗАРАДИ КАСИРАЊЕ

Во точката 1 став 2 во петтиот ред одозгора наместо зборовите: „кои од тој ден" треба да стои: „кои до тој ден".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 2 јули 1964 година.

# ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКИТЕ РЕПУБЛИКИ

### СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на Социјалистичка Република Македонија" во бројот 20 од 22 мај 1964 година објавува:

**Одлука** за укинување на Одлуката за образување комисија за прашањата на евакуацијата на населението од Скопје;

**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за станбена изградба;

**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за научна работа;

**Решение** за разрешување и именување претседател и членови на Републичката арбитражна комисија;

**Решение** за разрешување и назначување директор на Ансамблот за народни игри и песни „Танец" во Скопје;

**Решение** за разрешување и именување членови на Републичката комисија за физичка култура;

**Решение** за разрешување и именување членови на Управниот одбор на Републичкиот фонд за патишта;

**Решение** за разрешување и именување членови на Советот на Републичкиот завод за цени.

Во бројот 21 од 1 јуни 1964 година објавува:

**XXI конкурс** за условите и начинот под кои ќе се даваат кредити од средствата на Републичкиот фонд за нестопански инвестиции наменети за изградба на комунални објекти;

**Извештај** на Републичката изборна комисија за избор на пратеници на Собранието на Социјалистичка Република Македонија;

**Исправка** на Одлуката за условите и начинот под кои ќе се даваат кредити за индустрија и рударство од средствата предвидени во член 10 и 11 од Законот за насочување и употребата на средствата на Републиката.

### СЛУЖБЕНИ ЛИСТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

„Службени лист Социјалистичке Републике Црне Горе" во бројот 15 од 23 мај 1964 година објавува:

**Уредба** за составот и начинот на изборот на собранието на комуналната заедница и Собранието на Републичката заедница на социјалното осигурување на земјоделците;

**Упатство** за спроведување на изборите на работнички совети и управни одбори во работните организации од областа на стопанството.

Во бројот 16 од 4 јуни 1964 година објавува:

**Уредба** за престанок со работа на Заводот за трансфузија на крв;

**Одлука** за задолжување на СР Црна Гора кај Југословенската инвестициона банка за кредит одобрен од средствата на федерацијата за развој на стопански недоволно развиените подрачја;

**Одлука** за условите за основање комунална заедница на социјалното осигурување на земјоделците.

## СОДРЖИНА:


| | | Страна |
|---|---|---|
| 378. | Одлука за ослободување на стопанските организации од обврска да запишат заем за инвестиции во стопанството за 1964 година — — — — — — — — — | 533 |
| 379. | Одлука за престанок на важењето на Одлуката за давање регрес на Југословенските железници и на претпријатијата на речниот сообраќај за превоз на лигнит — — — — — — — — — | 533 |
| 380. | Одлука за измена на Одлуката за давање регрес за продадените и испорачани количини на огревни материјали за потребите на широката потрошувачка — | 533 |
| 381. | Наредба за поблиските услови и начинот за остварување на регресот за расходувани бродови продадени во 1964 година | 533 |
| 382. | Наредба за определување на паритетните продажни цени за увезена нафта — — | 534 |
| 383. | Решение за југословенските стандарди од областа на текстилната индустрија | 534 |
| 384. | Решение за југословенскиот стандард за амбалажа од дрво — — — — — — | 535 |
| 385. | Решение за југословенските стандарди за фазонски парчиња од леано железо за азбестцементни водови под притисок — | 535 |
| 386. | Решение за југословенските стандарди за лични заштитни средства — — — — | 535 |
| | Исправка на Одлуката за одобрување регрес за расходуваните бродови што се продадени во 1964 година поради повлекување од експлоатација заради касирање — — | 536 |


Издава: Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристиќа 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубомир Гуриќ. Улица Јована Ристиќа бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград